# ЗАКОН ЗА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ

**Сл. Весник на Р.Македонија бр. 46/96 од 06.09.1996 година**

## I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредуваат постапката и условите за избор на членови на советите на единиците на локалната самоуправа (во натамошниот текст: општините), Советот на градот Скопје и за избор на градоначалник на општините и градоначалник на градот Скопје.

### Член 2

Граѓаните на општи, непосредни и слободни избори, со тајно гласање, избираат членови на советите на општините и Советот на градот Скопје (во натамошниот текст: советите), како и градоначалник на општините и градоначалник на градот Скопје (во натамошниот текст: градоначалник).

Членовите на советите се избираат по пропорционален принцип, според кој се гласа за листа на кандидати во општините, односно градот Скопје, а избирачот гласа само за една листа на кандидати.

Градоначалник се избира според мнозински принцип, со листа на кандидат за градоначалник.

### Член 3

Право да избира и да биде избран за член на совет има секој државјанин на Република Македонија кој има 18 години живот, има деловна способност и е со постојано живеалиште во општината, односно градот Скопје каде што се вршат избори.

Право да избира и да биде избран за градоначалник има секој државјанин на Република Македонија кој има 18 години живот, има деловна способност и е со постојано живеалиште во општината, односно градот Скопје каде што се вршат избори.

### Член 4

Се гарантира слободата и тајноста на гласањето.

Никој не смее да го повика граѓанинот на одговорност поради гласањето ниту пак од него да бара да каже за кого гласал или зошто не гласал.

### Член 5

Функцијата член на советот и градоначалник е неспојлива со функцијата претседател на Република Македонија, пратеник, претседател на Владата на Република Македонија, министер, судија на Уставниот суд на Република Македонија, судија, јавен обвинител и друга носители на функции кои ги

избира или именува Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија, вработените на стручни и управни работи во органите на државната управа и во управните органи на општината, односно Градот Скопје.

Неспојлива е функцијата градоначалник и функцијата член на советот.

Припадниците на вооружените сили на Република Македонија, припадниците на униформираниот дел на полицијата на Република Македонија, овластените службени лица во Министерството за внатрешни работи и во Агенцијата за разузнавање не можат да бидат предложени и избрани за член на совет и за градоначалник.

Со денот на верификацијата на мандатот на член на совет и градоначалник на носителите на функцијата од ставовите 1 и 2 на овој член, функцијата им престанува.

**Член 6**

На дејствијата, актите, поднесоците и другите списи во врска со спроведувањето на изборите за членови на советите и за градоначалник не се плаќа такса и сите дејствија во изборната постапка се ослободуваат од плаќање на сите видови данок.

## II. РАСПИШУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

**Член 7**

Редовните избори за членови на советите и за градоначалник се одржуваат секоја четврта година истовремено во сите општини, најрано 90 дена, а најдоцна 60 дена пред истекот на четиригодишниот мандат.

Редовните избори за членови на советите и за градоначалник ги распишува претседателот на Собранието на Република Македонија.

Подрачјето на општината, односно градот Скопје за избор на членови во советите и за избор на градоначалник претставува единствена изборна единица.

Актот за распишување на изборите се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Со актот за распишување на изборите се определува денот од кога почнуваат да течат роковите за извршување на изборните дејства и денот на одржувањето на изборите.

Од денот на распишување на изборите до денот на изборите не може да помине повеќе од 90 дена, ниту помалку од 60 дена.

## III. ОРГАНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

**Член 8**

Органи за спроведување на изборите се: општинските изборни комисии, изборната комисија на град Скопје (во натамошниот текст: изборни комисии) и избирачки одбори.

Изборните комисии ги именува Републичката (државна) изборна комисија за време од четири години и се составени од претседател и четири членови кои имаат свои заменици при што двајца членови се од опозиционите партии кои на последните избори за пратеници одржани во 1994 година освоило, најмалку 5% гласови од избирачите кои гласале, а двајца од партиите на позицијата.
Изборната комисија има и секретар кој не е член на изборната комисија.
Именувањето на изборните комисии, Републичката (државна) изборна комисија го врши во рок од 15 дена од денот на распишувањето на изборите.

**Член 9**

Лица за членови на изборните комисии и нивни заменици, до Републичката (државна) изборна комисија предлагаат политичките партии, во рок од десет дена од денот на распишувањето на изборите.
Доколку политичките партии не дадат предлог во рокот утврден од став 1 на овој член, членовите на изборната комисија и нивните заменици ги предлага претседателот на изборната комисија.
Претседателот на изборната комисија се именува од редот на судиите на основниот суд, кој го покрива подрачјето за кое е основан, а секретарот на изборната комисија треба да биде дипломиран правник.
Во општини во кои нема избирачи дипломирани правници секретарот не мора да биде дипломиран правник.

**Член 10**

Избирачките одбори ги именува изборната комисија најдоцна 15 дена пред денот определен за одржување на изборите и се составени од претседател и двајца членови кои имаат заменици. Кандидати за членови на избирачките одбори предлагаат политичките партии, во рок од десет дена пред денот определен за одржување на изборите, а при изборот од секоја политичка партија се избира еден член од партиите во опозиција и еден член од партиите на позицијата.
Доколку политичките партии не дадат предлог во рокот утврден во став 1 на овој член, членовите на избирачките одбори и нивните заменици ги предлага претседателот на изборната комисија.
Членови на изборните комисии и на избирачките одбори, како и нивните заменици можат да бидат само лица кои имаат избирачко право, со постојано живеалиште на подрачјето на таа општина, односно градот Скопје и не можат да бидат кандидати за членови на совет и за градоначалник.
Избирачките одбори на изборните комисии на општините од подрачјето на градот Скопје се избирачки одбори на изборната комисија на градот Скопје.
Членовите на изборните комисии и на избирачките одбори својата функција ја извршуваат совесно и одговорно во согласност со надлежностите утврдени со овој закон, а за работата извршена во изборната комисија, односно избирачкиот одбор имаат право на соодветен надоместок.

**Член 11**

Во изборните комисии и во избирачките одбори секој предлагач на листа на кандидати за член на совет и за градоначалник може да определи по еден свој претставник и негов заменик кои имаат право да присуствуваат во работата на изборните комисии и избирачките одбори и тоа од започнувањето на изборите се до утврдувањето и објавувањето на резултатите од изборите.

Претставниците од став 1 на овој член учествуваат во работата на изборните комисии и избирачките одбори само во случаите утврдени со овој закон.

Предлагачите на листите на кандидати за член на совет и за градоначалник им издаваат овластување на лицата од ставовите 1 и 2 на оној член и за тоа ја известуваат изборната комисија и избирачкиот одбор.

**Член 12**

Изборната комисија:

1. Утврдува дали предложените листи на кандидати за избор на членови на совет се предложени во согласност со овој закон;
2. Со решение ги потврдува листите на предложените кандидати;
3. Именува избирачки одбори;
4. Врши технички подготовки на изборите;
5. Ги утврдува и објавува резултатите од изборите во општината, односно градот Скопје;
6. Одлучува по приговори заради неправилности во работата на избирачките одбори;
7. Пополнува и доставува статистички податоци и
8. Врши и друга работа утврдени со овој закон.

На работата на изборната комисија можат да присуствуваат претставниците на предлагачите на листите.

Изборната комисија со учество во нејзината работа на претставниците на листите:

1. Определува избирачки места и дава опис на границите одделно за секое избирачко место;
2. Со записник го прима изводот од општиот избирачки список за определеното избирачко место;
3. Дава упатства и насоки за работа на избирачките одбори и врши надзор над законитоста на нивната работа;
4. Се грижи за законито спроведување на изборите и
5. Врши и друга работа утврдени со овој закон.

Изборната комисија е должна да ги извести претставниците на листите за седницата на која ќе се определат избирачките места и нивните граници, најдоцна три дена пред нејзиното одржување.

Изборната комисија по исполнувањето на условот од став 4 на овој член може да пристапи кон определување на избирачките места и на нивните граници, иако претставниците на листите на кандидати не се присутни на седницата на комисијата.

Изборната комисија работа во присуство на мнозинството нејзини членови.

Работата на изборната комисија е јавна.

**Член 13**

Претседателот на изборната комисија, најдоцна во рок од три дена по завршувањето на постапката за предлагање на кандидати за претставници во изборните комисии свикува седница на комисијата. На седницата се покануваат и лицата од член 11 на овој закон, а по утврдувањето на идентитетот на овие лица (со полно име и презиме), претседателот на изборната комисија на овие лица им издава решенија за претставници во изборната комисија.

**Член 14**

Органите на државната управа се должни на изборните органи да им обезбедат технички и друга услови за работа и на нивно барање да им ги доставуваат потребните податоци.

За вршење на работите од став 1 на овој член на органите на државната управа, како и на Републичката (државна) изборна комисија им се доделуваат средстви од Буџетот на Републиката.

## IV. ПРЕДЛАГАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТ И ГРАДОНАЧАЛНИК

**Член 15**

Предлагањето на кандидати за членови на совет и за градоначалник се врши со листа на кандидати, односно на кандидат за градоначалник.

Листите на кандидати, односно листа на кандидат за градоначалник ги предлагаат регистрираните политички партии и група избирачи.

Група од 200 избирачи можат да предложат листа на кандидати за член на совет и листа на кандидати за градоначалник.

Листите на кандидати, односно листа на кандидат за градоначалник подносителите ги доставуваат до изборната комисија најдоцна 30 дена пред денот на одржувањето на изборите.

**Член 16**

Изборот на членови на советот на Градот Скопје и за негов градоначалник, го вршат избирачите од подрачјето на Градот Скопје, утврдено со Законот за градот Скопје.

**Член 17**

Една политичка партија или повеќе политички партии заедно, како и група избирачи од член 15 став 3 на овој закон можат да предложат само една листа на кандидати за членови на совет и една листа на кандидат за градоначалник. Листата на кандидати има онолку кандидати колку што се избираат членови на советот на општината.

Еден избирач може да биде потписник само на една листа на кандидати, односно листа на кандидат за градоначалник.

**Член 18**

Кандидатот кој што е предложен на листата треба да има постојано живеалиште во општината, односно градот Скопје во која се вршат избори и може да биде предложен само на една листа.
За секоја кандидатура потребна е писмена согласност на кандидатот, која е неотповиклива.

**Член 19**

Листата на кандидати, односно листата на кандидат за градоначалник ја потпишува овластен претставник на подносителот на листата, со овластување дадено од политичката партија, односно групата избирачи.

**Член 20**

Листата на кандидати, односно листата на кандидат за градоначалник содржи: означување на советот на општината, односно градот Скопје за кои се врши изборот; назив на листата на кандидати и симболот на партијата, име и презиме на секој кандидат со означување на неговото постојано живеалиште, професија, работно место и матичен број. Кон листата на пропишаните обрасци, покрај писмените согласности на кандидатите, политичките партии треба да приложат потврда за регистрација од надлежниот суд, а групата избирачи да го приложат со закон утврдениот најмал број потписи на избирачи.
При поднесувањето на листата на кандидата, односно листата на кандидат за градоначалник подносителот на листата треба да поднесе и потврда за отворена жиро сметка за изборна кампања.
Називот на листата се определува според називот на политичката партија, односно кој ја поднесува листата. Ако предлагач на листата на кандидати се група избирачи називот на листата се определува со ознаката “група избирачи”.

**Член 21**

Групата избирачи од член 15 на овој закон потписите ги собираат пред надлежен државен орган, на образец што го пропишува Републичката (државна) изборна комисија.

**Член 22**

Изборната комисија веднаш по приемот на листите на кандидати, односно листа на кандидат за градоначалник утврдува дали истите се поднесени во рокот утврден во член 15 на оној закон и дали се составени во согласност со одредбите на овој закон.
Ако изборната комисија утврди дека листите од став 1 на овој член се поднесени во определениот рок и се составени во согласност со одредбите на овој закон ќе ги потврди.
Ако изборната комисија утврди дека во поглед на листите на кандидати односно листата на кандидати за градоначалник се направени одделни пропусти, односно неправилности, ќе ги повика нивните подносители веднаш, но најдоцна во рок од три дена да ги отстранат констатираните пропусти или неправилности.

Ако изборната комисија утврди дека листите на кандидати се поднесени ненавремено, односно констатираните неправилности подносителите не ги отстраниле во рокот од став 3 на овој член, листата на кандидата со решение ќе ја отфрли.
Ако изборната комисија утврди дека подносителот при поднесувањето на листите на кандидати, односно листата на кандидати за градоначалник не поднел потврда за отворена жиро сметка за изборна кампања, листата со решение ќе ја отфрли.

**Член 23**

Изборната комисија најдоцна три дена по истекот на рокот од член 15 став 4 на овој закон ќе состави список на сите листа на кандидати, односно листа на кандидат за градоначалник предложени од политичките партии или група избирачи.
Редоследот на листите на списокот се утврдува со ждрепка.
Изборната комисија за времето кога ќе се одвиваат дејствијата утврдени во ставовите 1 и 2 на овој член задолжително претходно ги известува претениците на предлагачите на листите на кандидати за член на совет и за градоначалник.

**Член 24**

Изборната комисија по рокот утврден во член 23 на овој закон, односно најдоцна 20 дена пред денот определен за одржување на изборите ќе ги огласи листите на кандидати, односно листа на кандидат за градоначалник.
Огласувањето на листите на кандидати, односно листа на кандидат за градоначалник се врши со нивно истакнување во сите населени места и на избирачките места во општината, односно градот Скопје на вообичаен начин.

## V. ИЗБОРНА КАМПАЊА

**Член 25**

Политичките партии, групата избирачи и кандидатите за членови на совет и за градоначалник (во натамошниот текст: организатори на изборната кампања) имаат право под еднакви услови и рамноправно на сите политичко-пропагандни известувања и други облици на политичка пропаганда чија цел е да се влијае на одлуката на избирачите при гласањето за кандидати за членови на совет и за градоначалник.
Организаторите на изборната кампања можат да ги претставуваат своите програми и кандидати преку изборна кампања во јавните гласила, преку истакнување плакати и одржување предизборни собири.

**Член 26**

Изборната кампања започнува 30 дена пред денот определен за избори, а не може да се врши 48 часа пред денот определен за избори и на денот на изборите.

Странски правни и физички лица не можат да организираат изборна кампања.

**Член 27**

За законитоста на спроведувањето на изборната кампања е одговорен организаторот на изборната кампања.

Организаторот на изборната кампања е одговорен и за оние дејствија на изборната кампања за кои ќе овласти други лица.

**Член 28**

Доколку во времето на изборната кампања, односно во настапите или пропагандните известувања на одделни организатори на изборната кампања се повредуваат правата на одделни кандидати, овие кандидати имаат право веднаш да покренат постапка за заштита на своите права пред надлежниот основен суд.

Постапката за заштита на правата во случаите на повреда на правата на кандидатите е итна, така што основниот суд по барањето за заштита на правата ќе одлучи во рок од три дена од поднесувањето на барањето.

Одлуката на судот веднаш се објавува во јавните гласила.

**Член 29**

Во случај да се објавува истражување на јавното мислење за кандидатите, политичките партии и групата избирачи во изборната кампања, потребно е да се наведат имињата на аналитичарите кои го направиле истражувањето, нивните методи на анкетирање и името на нарачателот кој го побарал истражувањето.

Петнаесет дена пред денот на одржувањето на изборите не смеат да се објавуваат истражувања на јавното мислење за кандидатите, листите на кандидати, политичките партии и групата избирачи.

**Член 30**

Должината на траењето на изборното претставување, како и условите и методите на рекламирање за користење на програмското време, односно просторот во весниците за претставување на кандидатите, политичките партии и групата избирачи и на нивните програми, ги определува Собранието на Република Македонија со одлука за правилата за рамноправно медиумско претставување, што ќе ја објави најдоцна 40 дена пред денот определен за одржување на изборите.

Со утврдените правила од став 1 на овој член, јавните гласила обезбедуваат рамноправност во претставувањето на кандидатите и на предлагачите на кандидатите.

**Член 31**

Плакати со изборно пропагандни известувања е дозволено да се истакнуваат на места што ги утврдува општината, односно градот Скопје кои се должни да обезбедат рамноправност на сите организатори на изборната кампања при истакнувањето на плакати на утврдените места без надоместок.

Под одредени услови и со надоместок општината односно градот Скопје може да им утврдат и дополнителни места за истакнување плакати.
Најдоцна 50 дена пред денот на одржувањето на изборите, општината односно градот Скопје се должни да ги објават условите за добивање право за користење на местата за истакнување плакати.
Плакати можат да се истакнуваат и на станбени или друга приватни објекти, но со претходна согласност (одобрение) од сопственикот на објектот.

**Член 32**

Лепењето преку друга плаката или уништувањето на плаката на другите организатори на изборната кампања, е забрането.
По завршувањето на времето на изборната кампања, забрането е да се поставуваат нови плакати.

**Член 33**

Предизборните собири не смеат да се одржуваат во свети објекти или други објекти кои ги користат религиозни групи, во болници, домови за стари лица, училишта, детски градинки и други јавни институции.
По исклучок, на организаторите ќе им биде дозволено да одржуваат предизборни собири во просториите на училишта, детски градинки или културни центри доколку во општината нема друг објект каде што би се одржал собирот. Дозволата ја издава одговорното лице на установата.
За потребите на изборната кампања не е дозволено да се користат просториите, опремата или другиот имот што е наменет за работа на државните органи.
По исклучок, можат да се користат просториите на државните органи доколку во местото не постојат никакви други соодветни простории за потребите на изборната кампања под еднакви услови за сите организатори.
Условите ги утврдува одговорното лице на органот.

## 1. Финансирање на изборната кампања

**Член 34**

Изборната кампања се финансира според правилата за финансирање утврдени со Законот за политичките партии, доколку со овој закон поинаку не е определено.

**Член 35**

Организаторот на изборната кампања ќе отвори жиро сметка со назнака "за изборна кампања", најмалку 45 дена пред денот определен за изборите. На оваа жиро сметка организаторот на изборната кампања ќе ги депонира сите средства добиени од правни лица или од поединци за финансирање на изборната кампања, а евидентирањето на приходите ќе го искаже по вид, висина и нивниот извор. Сите трошоци за кампањата ќе се покријат исклучиво од оваа сметка. Организаторот на изборната

кампања ќе ја затвори оваа жиро сметка најдоцна во рок од три месеци по денот на изборите.

**Член 36**

Организаторот на изборната кампања ќе поднесе целосен извештај за сите трошоци што се однесуваат на изборната кампања до советот на општината најдоцна три месеци по денот на изборите.

Ако организаторот на изборната кампања не е политичка партија, извештајот од став 1 на овој член содржи информација за сите приходи што се собрани за изборната кампања и друга информација која што политичките партии, во согласност со Законот за политичките партии ја даваат во својот годишен финансиски извештај.

Органот на изборната кампања кој не е политичка партија, вишокот од собраните средства ќе го подари во добротворни цели.

**Член 37**

При финансирањето на изборната кампања за член на совет на општината и за градоначалник организаторот на изборната кампања може да потроши најмногу по 10,00 денари по гласач и 60.000,00 денари по листа на кандидата за членови на совет, односно по 10,00 денари по гласач и 100.000,00 денари по предложен кандидат за градоначалник.

Ако изборната комисија утврди дека организаторот на изборната кампања потрошил финансиски средства значително повеќе од средствата утврдени од ставовите 1 и 2 на овој член, со што се нарушуваат еднаквите шанси и рамноправноста на другите учесници на изборите, изборната комисија со решение ќе ја отфрли листата на кандидатите, односно листа на кандидат за градоначалник.

Доколку со правосилна судска пресуда се утврди дека во текот на изборната кампања политичката партија, односно групата избирачи користеле средства за изборната кампања стекнати од извршени казниви дела, изборната комисија ќе донесе решение за поништување на изборот на кандидатите за членови на советот, односно за градоначалник, на таа политичка партија односно, група избирачи.

**Член 38**

Организаторите на изборната кампања чии кандидати добиле мандати за членови на советот и за градоначалник имаат право на надомест за изборни трошоци во износ од 10,00 денари за секој добиен глас. Надоместениот износ не смее да го надмине износот на употребените средства, чија што бројка ја зема од извештајот од став 1 на член 36 на овој закон, и покрај тоа што резултатот од изборот го дозволува тоа.

**Член 39**

Според одлуката на советот на општината, надоместокот за изборните трошоци на организаторите на изборната кампања ќе биде исплатен од буџетот на општината најдоцна за три месеци од поднесувањето на извештајот за финансирање на кампањата од член 36 на овој закон.

## VI. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

### Член 40

Спроведувањето на изборите за членови на совет и за градоначалник се врши преку јавен повик до граѓаните, односно истакнување на плакати на видни места, од страна на изборните комисии.

### Член 41

Гласањето за избор на членови на совет и за градоначалник се врши на избирачки места.

Секое избирачко место има реден број.

Изборната комисија најдоцна 20 дена пред денот определен за одржување на изборите ќе објави и ќе ги истакне на видно место кои избирачки места се определени за гласање со назначување од кое подрачје избирачите ќе гласаат на одделно избирачко место.

Изборните комисии ќе донесат решенија во кои ќе го дадат описот на границите одделно за секое избирачко место со назначување на населбите, односно улиците со броевите на куќи односно станови кои влегуваат во избирачкото место.

Избирачките места утврдени од изборните комисии на подрачјето на град Скопје се изборни места и за избор на членовите на советот и градоначалник на град Скопје.

Истовремено изборните комисии копии од решенијата од став 4 на овој член доставуваат и до органот надлежен за водење на единствениот избирачки список кој е должен да изготви и достави изводи од единствениот избирачки список поодделно за секое избирачко место.

Изводите од единствениот избирачки список органот надлежен за водење на единствениот избирачки список ги доставува најдоцна десет дена од денот определен за одржување на изборите, на кои не можат да се вршат нови запишувања, дополнувања или исправки.

Измени во изводите од единствениот избирачки список можат да се вршат само со одлука на надлежен суд кој решава по жалба во рок од 48 часа од денот на нејзиниот прием.

### Член 42

Избирачките места се определуваат зависно од бројот на избирачите и просторната оддалеченост и тоа така што бројот на избирачите на едно избирачко место да биде толкав за да може без потешкотии да се гласа во времето определено за гласање.

За секое избирачко место се определува и посебна просторија, со две одредишта за гласање, едно за членови на совет и едно за градоначалник, на кои има натпис: "гласање за членови на совет " и "гласање за градоначалник".

Просторијата определена за гласање е опремена со кабини, односно прегради, така што да не може да се види како избирачот го пополнува гласачкото ливче.

Во просторијата определена за гласање се поставуваат кутии за гласање изработени од цврст и проѕирен материјал кои на избирачките одбори им се предаваат запечатени со записник.

**Член 43**

Изборната комисија еден ден пред денот определен за одржување на изборите во присуство на претставниците на листите на кандидати му предава на избирачкиот одбор материјал за гласање и тоа: потребниот број кутии за гласање, формулар со вкупниот број гласачки ливчиња за членови на совет, формулар со вкупниот број гласачки ливчиња за градоначалник, заверен извод од избирачкиот список за соодветното избирачко место, записник за работата на избирачкиот одбор како и друг материјал потребен за гласање.
Изборната комисија на избирачкиот одбор со записник му предава толкав број гласачки ливчиња колку што има избирачи на односното избирачко место според изводот од избирачкиот список и притоа во записникот се наведуваат сериските броеви на гласачките ливчиња за тоа избирачко место.
На избирачкиот одбор во затворен плик му се предава определен број гласачки ливчиња кој е запишан на самиот плик. Овие гласачки ливчиња се користат само во случај кога на гласање пристапил избирач кој без своја вина не е запишан во изводот од избирачкиот список на тоа избирачко место, што во записникот посебно се внесува.
Во присуство на претставниците на кандидатите за преземањето на изборниот материјал од ставовите 1, 2 и 3 на овој член избирачкиот одбор составува записник кој го потпишуваат претседателот и сите членови на избирачкиот одбор.
Копие од записникот од став 4 на овој член добива секој претставник на кандидатите.
Истиот ден избирачкиот одбор проверува дали просторијата во која ќе се гласа е во соодветна состојба за гласање и тоа го констатира во записникот за преземање на изборниот материјал од став 4 на овој член.

## 1. Гласање

**Член 44**

Гласањето се врши лично.
Гласањето се врши со гласачко ливче.
Гласачките ливчиња се печатат во иста големина, од ист вид хартија и се нумерираат.
Гласачките ливчиња се печатат од страна на Републичката (државна) изборна комисија.
Републичката (државна) изборна комисија гласачките ливчиња ги предава на изборните комисии со записник во кој се наведени броевите на гласачките ливчиња.

## Член 45

Гласачкото ливче за избор на членови на совет содржи:
1. Означување на советот за кој се врши изборот;
2. Означување на бројот на членовите кои се избираат во советот на општината, односно градот Скопје;
3. Назив на листата на кандидати отпечатена со големи букви и под реден број испишани имињата и презимињата на сите кандидати;
4. Назив на политичката партија и нејзиниот симбол или назив "група избирачи" кои имаат предложено листа на кандидати;
5. Реден број на листата на кандидати и
6. Упатство за гласање.

Избирачот по добивањето на гласачкото ливче гласањето го врши на тој начин што се определува за која листа на кандидати ќе гласа, заокружувајќи го редниот број на листата на кандидати.

Гласачкото ливче за избор на градоначалник содржи:
1. Означување на општината, односно градот Скопје за која се врши изборот;
2. Називот на кандидатската листа и називот на политичката партија со симболот на партијата или назив "група избирачи "кои имаат предложено листа;
3. Реден број и име и презиме на кандидатот и
4. Упатство за гласање.

Избирачот гласа на тој начин што го заокружува редниот број пред кандидатот за кој се определил да гласа.

Гласачкото ливче е неважечко доколку е пополнето спротивно на ставовите 2 и 4 од овој член, односно доколку има заокружено и друга листа односно кандидати.

## Член 46

Најдоцна еден час пред почетокот на гласањето претседателот и членовите на избирачкиот одбор во присуство на претставниците на кандидатите се собираат во просторијата за гласање и прегледуваат дали просторијата е во иста состојба како што ја оставиле на денот пред изборите, дали изборниот материјал е во иста состојба како што бил на денот пред изборите и дали гласачката кутија е празна. За утврдената состојба избирачкиот одбор прави записник кој го потпишуваат претседателот и членовите, а доколку претставниците на кандидатите имаат забелешки во записникот ги ставаат своерачно.

Гласањето започнува во 7,00 часот и трае до 19,00 часот.

Кога на избирачкото место ќе се наруши редот, избирачкиот одбор може да го прекине гласањето додека не се воспостави ред. Гласањето може да се прекине и во случај на временски непогоди или други вонредни околности. Ако гласањето било прекинато подолго од еден час, гласањето ќе се продолжи за онолку време колку што траел прекинот, но не подолго од три часа. Ако прекинот траел подолго од три часа гласањето ќе се повтори. Времето за кое гласањето морало да се прекине и причините за прекинот на гласањето се внесуваат во записник.

Во 19,00 часот избирачкото место се затвора, а на избирачите кои се затекнале на избирачките места ќе им се овозможи да гласаат.

**Член 47**

За време на гласањето мора да бидат присутни членовите или замениците на избирачкиот одбор, а можат да присуствуваат и претставниците на кандидатите кои имаат право да дадат веднаш приговор доколку утврдат недостатоци при гласањето, за што претставникот на кандидатите се потпишува лично во записникот.

Приговорот од став 1 на овој член претставниците на кандидатите го доставуваат до изборната комисија која е должна да го разгледа и да одговори на приговорот во рок од 24 часа.

Избирачкиот одбор се грижи за одржување на редот и мирот на избирачкото место.

Избирачкиот одбор може секој кој прави неред на избирачкото место да го отстрани.

Ако е потребно избирачкиот одбор може да побара помош од полицијата.

Никој не смее да дојде на избирачкото место со оружје или со опасно средство, освен работниците на полицијата од став 5 на овој член.

**Член 48**

Избирачот кој пристапил да гласа, должен е на избирачкиот одбор да го соопшти своето име и презиме и да му покаже избирачка легитимација, а по барање на избирачкиот одбор да покаже и лична карта или патна исправа.

Откако ќе го утврди идентитетот на избирачот, претседателот или членот на избирачкиот одбор проверува дали избирачот е запишан во изводот од избирачкиот список за тоа избирачко место и ако утврди дека е запишан го заокружува редниот број под кој избирачот е запишан, потоа му го предава гласачкото ливче за избор на членови на совет, му го објаснува начинот на гласање и му дозволува да гласа. Избирачот го пополнува избирачкото ливче, преклопено го става во кутијата за гласање за избор на членови на совет и на ист начин пристапува да гласа за избор на градоначалник.

**Член 49**

Избирачот кој не е во можност да гласа на избирачкото место (немоќно и болно лице), а сака да гласа, ќе го извести за тоа избирачкиот одбор најдоцна три дена пред гласањето, кој ќе му овозможи да гласа во својот дом или во болницата каде што е на лекување, на начин со кој се обезбедува тајноста на гласањето.

За гласањето од став 1 на овој член избирачкиот одбор обезбедува посебна кутија за гласање која ја носи празна во домот, односно болницата каде што е на лекување избирачот.

Ако избирачот поради физички недостаток или затоа што е неписмен, не може да гласа на начин утврден со овој закон има право со себе да доведе лице кое ќе му помогне при пополнувањето односно предавањето на гласачкото ливче.

Секој случај од ставовите 1,2 и 3 на овој член избирачкиот одбор го внесува во записник.
Во случаите од ставовите 1 и 3 на овој член, претседателот на изборната комисија писмено ги известува претставниците на кандидатите за денот и часот кога ќе се изврши гласањето на лицата од овој член, заради нивно присуство при гласањето.

**Член 50**

Избирачите кои на денот на гласањето не се во местото на своето живеалиште поради отслужување на воениот рок или се на воена вежба, гласаат во воената единица. За овие избирачи изборите ги спроведува избирачкиот одбор определен за односното избирачко место, а за гласањето претходно се известуваат и претставниците на кандидатите, заради нивно присуство на гласањето во воената единица.
Избирачите на привремена работа и престој во странство, гласаат на избирачките места во општината кој а е нивно последно живеалиште на територијата на Република Македонија пред заминувањето во странство или во дипломатско - конзуларните претставништва на Република Македонија.
Изборите во странство ги спроведуваат дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија.
Изборната комисија по добивањето на списоците за избирачите од ставовите 1 и 2 на овој член, е должна веднаш да им ги достави на воените единици и воените установи, односно на избирачкиот одбор и на дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија во странство каде што се наоѓаат избирачите од ставовите 1 и 2 на овој член, список на граѓаните, потребен број непотполнети гласачки ливчиња, како и потребен број пликови.

**Член 51**

Избирачите од став 2 на член 50 на овој закон, откако ќе го пополнат гласачкото ливче истото го ставаат во плик кое затворено го предаваат на овластеното лице во дипломатско-конзуларното претставништво, а дипломатско-конзуларното претставништво сите гласачки ливчиња запечатени во посебна кутија за гласање ги доставува до надлежната изборна комисија.
Гласањето од страна на избирачите од став 2 на член 50 на овој закон треба да се изврши навремено така што пополнетите гласачки ливчиња да можат да пристигнат до надлежната изборна комисија најдоцна до утврдувањето на конечните резултати на гласањето.
Доколку изборниот материјал од став 2 на овој член пристигне пред денот определен за гласање или на денот на гласањето, кутијата со изборниот материјал ја чува запечатена Републичката (државна) изборна комисија и се отвора при утврдувањето на резултатите од изборите.

## 1. Утврдување на резултатите од гласањето на избирачките места

### Член 52

По завршувањето на гласањето, без прекин, избирачкиот одбор во присуство на претставниците на кандидатите веднаш започнува со утврдување на резултатите од гласањето, за што составува записник.

Резултатите од гласањето се утврдуваат на тој начин што избирачкиот одбор прво ги пребројува неупотребените гласачки ливчиња и ги става во посебен плик, кој го затвара и го запечатува. Потоа, врз основа на изводот од избирачкиот список го утврдува вкупниот број избирачи кои гласале и пристапува кон отворање на кутијата за гласање и пребројување на гласовите.

Во записникот од став 1 на овој член избирачкиот одбор внесува: колку избирачи има на подрачјето на избирачкото место според изводот од избирачкиот список, колку избирачи гласале според гласачките ливчиња, колку избирачи гласале само со лична карта, односно патна исправа, колку гласачки ливчиња се неважечки и колку гласови добиле одделни листи на кандидата, односно листа на кандидата, за градоначалник. Во записникот се внесуваат и евентуалните забелешки дадени од членовите на избирачкиот одбор и од претставниците на кандидатите. Записникот го потпишуваат претседателот и членовите на избирачкиот одбор.

Записникот и другиот изборен материјал, избирачкиот одбор го доставува до изборната комисија во рок од пет часа по извршеното гласање на односното избирачко место, а копие од овој записник добива секој претставник на кандидати.

Избирачкиот одбор по завршувањето на дејствата од ставовите 2, 3 и 4 на овој член веднаш на избирачкото место објавува првични резултати од извршеното гласање на избирачкото место.

## А. Утврдување на резултатите од изборите за членови на советот (Според Д'ХОНДТ - овиот модел)

### Член 53

Утврдувањето на резултатите од изборите, изборната комисија го врши на тој начин што откако ќе ги добие записниците од избирачките места и целокупниот изборен материјал, најпрво утврдува колку избирачи гласале во општината.

По утврдувањето на бројот од став 1 на овој член, изборната комисија го утврдува вкупниот број дадени гласови за секоја листа на кандидати во општината односно градот Скопје (т.н. избирачка маса). Овој број (избирачката маса) се дели со 1,2,3,4, итн. се до бројот на членовите на советот кои се бираат во општината, односно градот Скопје.

Резултатите од делењето од став 2 на овој член се редат по големина при што се релевантни онолку најголеми количници, колку што се избираат членови на совет во конкретната општина, односно градот Скопје.

Листата добива толкав број места (мандата) колку што има најголеми количници од бројот на количниците од став 3 на овој член.

**Член 54**

При распределбата на мандатите, на секоја политичка партија или група избирачи за избрани кандидати од листата на кандидати за членови на советот сметаат толку кандидати колку што места добила листата.
Од листите на кандидати за членови на советот се избираат кандидатите наведени во листата според нивниот редослед.
Доколку избраниот кандидат според став 2 од овој член се откаже, за избран кандидат се смета наредниот од листата.

## В. Утврдување на резултатите за избор на градоначалник

**Член 55**

Во првиот круг од гласањето за градоначалник е избран оној кандидат кој добил мнозинство гласови од избирачите кои излегле на гласање, доколку на изборите излегле повеќе од половината од вкупниот број гласачи.

**Член 56**

Ако во првиот круг ниту еден кандидат за градоначалник не го добил потребното мнозинство гласови од член 55 на овој закон, во вториот круг се гласа за кандидатите кои во првиот круг добиле најмалку 10% од бројот на избирачите кои гласале.
Доколку во првиот круг само еден кандидат го добил потребното мнозинство гласови од став 1 на овој член, во вториот круг на гласање покрај за овој кандидат се гласа и за кандидатот кој по бројот на добиени гласови е најблиску до кандидатот кој добил 10% од бројот на избирачите кои гласале.
Доколку пак, во првиот круг ниту еден кандидат не го добил потребниот број гласови утврдени во став 1 на овој член, во вториот круг се гласа за двајцата кандидата кои во првиот круг добиле најмногу гласови.
Вториот круг на гласање се одржува во рок од 14 дена од завршувањето на првиот круг на гласањето.
Сите кандидата за градоначалник кои добиле најмалку 10% од бројот на избирачите кои гласале остануваат кандидати и во вториот круг.

**Член 57**

Во вториот круг на гласање за градоначалник е избран кандидатот кој во однос на другите кандидати добил најголем број гласови.
Ако за градоначалник е предложен еден кандидат, а во првиот круг на гласање не го добил потребното мнозинство гласови, се повторува целата изборна постапка.

**Член 58**

Изборната комисија во присуство на претставниците на кандидатите составува записник за својата работа во кој особено се внесува: бројот на избирачите во општината, односно градот Скопје запишани во избирачкиот

список, бројот на избирачите кои гласале, бројот на неважечките гласачки ливчиња, вкупниот број гласови што ги добила секоја листа на кандидати, со назначување на името на политичката партија и бројот на гласовите дадени за листите.
Секој член на изборната комисија и секој претставник на кандидати може да даде свои забелешки кои своерачно ги внесува во записникот.
Записникот го потпишуваат претседателот и членовите на изборната комисија, а копие од записникот добива секој претставник на кандидатите.

**Член 59**

Врз основа на вкупниот број избирачи кои гласале и бројот на гласовите што ги добиле одделни листи на кандидати за членови на советот и одделни кандидати за градоначалник, изборните комисии во рок од 24 часа од добивањето на изборниот материјал од избирачките одбори, објавуваат неофицијални резултати од изборите кои ги истакнуваат на огласна табла во општината односно градот Скопје и овие неофицијални резултати ги соопштуваат на јавните гласила.
Официјалните резултати од изборите кои содржат конечни податоци за вкупниот број избирачи кои гласале во општината, односно градот Скопје, бројот на гласовите што ги добиле листите на кандидати и бројот на освоените места што ги добила политичката партија, односно групата избирачи, утврдени според Д'Хондт-овиот модел, изборните комисии ги објавуваат најдоцна во рок од три дена од конечното завршување на изборите.
Секој предлагач на листа на кандидати за член на совет и листа на кандидат за градоначалник во постапката на утврдувањето на резултатите од изборите во општината, односно градот Скопје има право на приговор до изборната комисија во рок од 72 часа од објавувањето на резултатите од изборите.
Против решението на изборната комисија предлагачот има право на жалба до Републичката (Државна) изборна комисија која е должна да одлучи по жалбата во рок од 48 часа. Доколку предлагачот не е задоволен од одлуката на Републичката (Државна) изборна комисија има право на жалба во рок од 48 часа од приемот на одлуката до Врховниот суд на Република Македонија.
Во рок од три дена од конечното завршување на изборите за градоначалник, се објавуваат официјални резултати од изборот за градоначалник.
На избраните кандидати за членови на советот, изборната комисија им издава уверение за изборот.

# VII. ПОВТОРНИ ИЗБОРИ, ИЗБОРИ ЗА ЗАМЕНА И ПРЕДВРЕМЕНИ ИЗБОРИ

## 1. Повторни избори за членови на совет и за градоначалник

**Член 60**

Ако изборната комисија го поништи гласањето поради неправилности во спроведување на изборите, како што се: при пребројувањето на гласовите се утврди дека во гласачката кутија има поголем број гласачки ливчиња од избирачите кои гласале, ако е нарушена тајноста на гласањето на избирачкото место, поради неоправдано присуство на органите на полицијата на избирачкото место, ако гласањето на избирачкото место било прекинато подолго од три часа доколку записникот и изборниот материјал од избирачкото место бидат доставени во рок подолг од пет часа од завршувањето на изборите, како и доколку гласало лице без документ за идентификација и во случај од член 37 став 3 на овој закон, се вршат повторни избори за членови на совет и за градоначалник.

Ако седницата на советот не се одржи до триесет и првиот ден од денот на завршувањето на изборите, во согласност со член 30 од Законот за локалната самоуправа, се вршат повторни избори само за членови на совет.

Во случај на став 2 од член 57 на овој закон, се вршат повторни избори само за градоначалник.

Гласањето на избирачкото место за избор на членови на совет и за градоначалник нема да се повтори и покрај тоа што бројот на гласачките ливчиња во гласачката кутија е поголем од избирачите кои гласале, доколку тој број не влијае на резултатите од гласањето.

**Член 61**

Повторните избори од член 60 став 1 на овој закон ги распишува изборната комисија, а од ставовите 2 и 3 ги распишува претседателот на Собранието на Република Македонија.

Со решението за распишување на повторни избори се определува и денот на нивното одржување.

**Член 62**

Доколку на член на совет му престане или му биде одземен мандатот поради една од причините утврдени во член 38 од Законот за локалната самоуправа (ако поднесе оставка; во случај на смрт; ако поради боледување подолго од една година не може да ја извршува функцијата; ако е осуден со правосилна пресуда за кривично дело на казна затвор над шест месеци; ако е осуден за кривично или друго дело што го прави недостоен за вршење на функцијата член на совет; ако неоправдано отсуствува подолго од шест месеци), тогаш член на советот за остатокот од мандатот станува непосредно наредниот кандидат од истата листа кој би бил избран да не е избран членот на советот на кој му престанал, односно му е одземен мандатот.

Ако кандидатот од став 1 на овој член не ја извести изборната комисија во рок од осум дена по прифаќањето на мандатот, тоа право се пренесува на наредниот кандидат од листата.

## 1. Избори за замена

### Член 63

Доколку членот на советот дал оставка пред истекот на шест месеци од потврдувањето (верификацијата) на мандатот и ако на листата како што е утврдено во член 62 на овој закон нема кандидат, се спроведуваат избори за замена за член на совет во општината, односно градот Скопје. Изборите за замена ги распишува претседателот на Собранието на Република Македонија во рок од 15 дена од престанувањето односно одземањето на мандатот.

Ако со правосилна судска пресуда се утврди дека во текот на изборната постапка, политичката партија односно групата избирачи како средство за добивање гласови користеле поткуп, местата (мандатите) што ги освоила оваа политичка партија односно група избирачи се поништуваат од страна на изборната комисија и за овие места се спроведуваат избори за замена.

Изборите за замена не можат да се распишуваат шест месеци пред истекот на мандатот за кој е избран советот.

Мандатот на член на советот согласно со став 1 на овој член, односно избран на изборите за замена трае до истекот на времето за кое бил избран членот на советот на кој му престанал односно му е одземен мандатот.

## 1. Предвремени избери за градоначалник

### Член 64

Предвремени избори за градоначалник се вршат:

1) ако поднесе оставка,

2) во случај на смрт,

3) ако поради боледување подолго од една година не може да ја извршува функцијата,

4) ако е осуден со правосилна пресуда за кривично дело на казна затвор над шест месеци,

5) ако е осуден за кривично или друго дело што го прави недостоен за вршење на функцијата градоначалник,

6) ако неоправдано отсуствува подолго од шест месеци и

7) ако на градоначалникот му е изгласана недоверба, во согласност со член 47 од Законот за локалната самоуправа.

Владата на Република Македонија ја утврдува настанатата состојба во случаите од став 1 на овој член и го известува Собранието на Република Македонија за распишување на предвремени избори за градоначалник.

### 1. Распишување на предвремени избори за членови на совет

**Член 65**

Владата на Република Македонија го известува претседателот на Собранието на Република Македонија да распише предвремени избори за членови на совет пред истекот на мандатот во случаите кога:
1) за распуштање на советот ќе се изјаснат мнозинството од вкупниот број членови на советот,
2) советот не може да се состане за период подолг од шест месеци,
3) советот со прекини во текот на една година нема да одржи најмалку две седници и
4) ќе донесе одлука со која се загрозуваат суверенитетот и територијалниот интегритет на Република Македонија.

**Член 66**

Доколку советот не го донесе буџетот ни по истекот на рокот со кој е воведено привремено финансирање најдолго за шест месеци, Владата на Република Македонија ќе го распушти советот и ќе распише предвремени избори.

## VIII. СРЕДСТВА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

**Член 67**

Средствата за спроведување на изборите се обезбедуваат во буџетот на општината односно градот Скопје, а со нив располага изборната комисија.
За новоосновани општини средства за спроведување на изборите се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.
Од средствата за спроведување на изборите две третини ќе се користат за покривање на трошоците сврзани за изборните дејства на изборните органи, а една третина ќе се употреби за покривање на дел од трошоците што ги направиле политичките партии и групата избирачи чии кандидата се избрани.
Основица за пресметување на средствата што се распоредуваат меѓу избраните членови на советот е бројот на гласовите што го добила секоја листа кандидати, односно кандидати за градоначалник.

## IX. ЗАШТИТА НА ИЗБИРАЧКОТО ПРАВО

**Член 68**

Поради неправилности во постапката за кандидирање или во постапката за избор, секој кандидат, секој предлагач на кандидати и секој избирач има право да поднесе приговор до изборната комисија.
Приговорот поради неправилности во постапката на кандидирањето, како и приговорот на составот на листата на кандидати се поднесува во рок од 24 часа од денот кога е сторено дејствието кое кандидатот го смета за неправилно, односно од денот на објавувањето на листата.

Приговорот поради неправилности во постапката за избори се поднесува во рок од 48 часа од денот на гласањето за избор.
Изборната комисија решението по приговорот мора да го донесе најдоцна во рок од 48 часа од денот на приемот на приговорот.
Ако изборната комисија решавајќи по приговорот утврди такви неправилности во постапката на кандидирањето, односно на постапката за избор што битно влијаеле или можеле битно да влијаат на резултатите од кандидирањето и изборот, ќе ги поништи дејствата во таа постапка и ќе одлучи во определен рок постапката да се повтори.

**Член 69**

Против решението на изборната комисија подносителот на приговорот има право на жалба.
Против решението на изборната комисија жалба се поднесува до надлежниот апелационен суд во рок од 48 часа од приемот на решението.
Жалба против решението на изборната комисија за потрошени значително повеќе финансиски средства, предлагачот на листата поднесува во рок од 48 часа од денот на доставувањето на решението.
Жалбата се поднесува преку изборната комисија.
Надлежниот апелационен суд ќе донесе одлука по жалбата во рок од 48 часа по нејзиниот прием.

## X. НАБЉУДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

**Член 70**

Изборите и изборната постапка може да ги набљудуваат меѓународни асоцијации и организации во рамките на преземените обврски од меѓународните договори кои Република Македонија ги ратификувала согласно со Уставот, како и регистрирани организации и здруженија во Републиката од областа на заштитата на човековите права и слободи.
На субјектите од став 1 на овој член и на јавните гласила им обезбедува полномошно Републичката (државна) изборна комисија. Овие лица со полномошно имаат право слободно да се движат на територијата на Република Македонија и да ги следат сите активности што се извршуваат за време на изборната кампања и на денот на изборите.

## XI. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

**Член 71**

Со парична казна од една петтина до една половина од просечната плата во Републиката исплатена во последниот месец ќе се казни за прекршок лице кое ги кине или на друг начин ги уништува плакатите што биле истакнати (член 32 на овој закон).

**Член 72**

Со парична казна од десет до 20 просечни плати исплатени во Републиката во последниот месец ќе се казни за прекршок:

- одговорниот уредник на јавното гласило кој ќе го објави истражувањето на јавното мислење за кандидатите без да ги наведе податоците од став 1 на член 29 од овој закон,
- одговорниот уредник на јавното гласило кој ќе го објави истражувањето на јавното мислење во период од петнаесет дена пред денот на гласањето (член 29 став 2), и
- одговорниот уредник на јавното гласило ако го објави изборното пропагандно известување без наведување на нарачателот (член 29 став 1).

**Член 73**

Со парична казна од десет до 20 просечни плати исплатени во Републиката во последниот месец ќе се казни за прекршок:
- јавното гласило кое не ќе ги прифати и објави навремено правилата од став 1 на член 30 и
- издавачот на јавното гласило што учествува на изборното претставување доколку постапува спротивно на член 30 од овој закон.

**Член 74**

Со парична казна од десет до 20 просечни плати исплатени во Републиката во последниот месец ќе се казни за прекршок организаторот на изборната кампања кој:
- истакнува плакати спротивно на членовите 31 и 32 од овој закон;
- не ќе го пријави изборниот собир најдоцна 48 часа пред неговото одржување и
- го организира собирот спротивно на член 33 од овој закон.
Со парична казна од десет до 20 просечни плати исплатени во Републиката во последниот месец за прекршок по овој член ќе се казни и одговорното лице на организаторот на изборната кампања.
Со парична казна од десет до 20 просечни плати исплатени во Републиката во последниот месец за прекршок по овој член ќе се казни и одговорното лице на надлежниот државен орган, верската заедница или јавната институција, кој на организаторот на изборната кампања ќе му овозможи организирање на предизборниот собир спротивно на член 33 од овој закон.

**Член 75**

Со парична казна од десет до 20 просечни плати исплатени во Републиката во последниот месец за прекршок ќе се казни организаторот на изборната кампања кој нема да поднесе извештај за финансирање на изборната кампања (член 36) односно нема да ги собере сите средства за финансирање на изборната кампања на оваа сметка (член 35).
Со парична казна од десет до 20 просечни плати исплатени во Републиката во последниот месец за прекршок ќе се казни и одговорното лице на правното односно физичкото лице на организаторот кое ќе стори прекршок од став 1 на овој член.

**Член 76**

Со парична казна од десет до 20 просечни плати исплатени во Републиката во последниот месец за прекршок ќе се казни организаторот на изборната кампања, доколку во изборната кампања потроши повеќе финансиски средства отколку што е утврдено во член 37 на овој закон.

## XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 77**

Органот надлежен за водење на единствениот избирачки список во рок од осум дена од денот на распишувањето на изборите врши проверка на единствениот избирачки список со прибавување на податоци од надлежните органи на државната управа, од судовите или на друг начин и по службена должност врши исправка на единствениот избирачки список.

По извршената исправка од став 1 на овој член органот надлежен за водење на единствениот избирачки список должен е единствениот избирачки список да го стави на јавен увид за што преку јавните гласила ги известува граѓаните, а истовремено ги известува и за местото на кое е ставен единствениот избирачки список на јавен увид, за времетраењето на јавниот увид и им препорачува на граѓаните да извршат увид и да бараат запишување, дополнување или исправка на единствениот избирачки список.

Јавниот увид трае 30 дена.

**Член 78**

Секој граѓанин има право да поднесе писмено или усно барање, доколку е писмено да приложи потребни докази, за запишување, дополнување или исправка на единствениот избирачки список. За усното барање органот ќе направи службена белешка.

Органот надлежен за водење на единствениот избирачки список е должен да го разгледа барањето во рок од два дена од приемот на барањето и ако утврди дека истото е основано ќе изврши запишување, дополнување или исправка на единствениот избирачки список, во спротивно ќе го одбие писменото барање со решение кое го доставува до подносителот на барањето.

Подносителот на барањето против решението од став 2 на овој член може да изјави приговор во рок од 24 часа.

Органот надлежен за водење на единствениот избирачки список, по ставањето на јавниот увид и по извршените евентуални запишувања, дополнувања и исправки на единствениот избирачки список, најдоцна 20 дена пред денот определен за одржување на изборите го заклучува единствениот избирачки список.

**Член 79**

За првите локални избори што ќе се спроведат според овој закон нема да се гласа со избирачка легитимација, туку со лична карта или патна исправа.

**Член 80**

Членовите на изборните комисии и на избирачките одбори се од политичките партии кои во првиот круг на изборите за пратеници во Собранието на Република Македонија, одржани во 1994 година освоиле најмалку 5% гласови од избирачите што гласале.

**Член 81**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.